# Options in Aged Care
# Можности за згрижување постари лица



English / Macedonian

This information was compiled by the Centre for Cultural Diversity in Ageing 2008.

Овие информации ги прибра Центарот за културна разноликост во стареењето 2008 г. (Centre for Cultural Diversity in Ageing 2008).

©Centre for Cultural Diversity in Ageing 2008.

# Options in Aged Care

There are many types of aged care services, but finding out what options are available to you or your family member can be confusing. This information provides an overview of aged care services and how you can access them, along with some useful contact numbers. It describes three types of government-subsidised aged care services:

- **Community Care**
- **Respite Care**
- **Residential Care**

Even if you do not require these services now, it is important to know what is available so you can plan for any care needs that you may have in the future.

# Можности за згрижување постари лица

Има многу видови на служби за згрижување постари лица, но може да биде збунувачки кога треба да утврдите кои можности ви стојат на располагање вам или на член на вашето семејство. Овие информации даваат кус преглед на расположивите служби и како можете да стигнете до нив, заедно со некои корисни телефонски броеви за контакт. Тие опишуваат три вида на услуги за згрижување на постари лица во чие финансирање учествува државата:

- **Нега во заедницата (Community Care)**
- **Одмена од негата (Respite Care)**
- **Нега во старечки домови (Residential Care)**

Дури и ако овие услуги не ви се потребни сега, важно е да знаете што има на располагање за да можете да ги испланирате сите потреби за нега што можеби ќе ги имате во иднина.

# Community Care

# *Нега во заедницата (Community Care)*

Most older people prefer to continue living in their own home, but some people may find this difficult to do without assistance. There are a number of aged care services that help older people to continue living in their own home. This type of care is known as 'Community Care' and there are four different options, depending on your needs:

Повеќето постари луѓе претпочитаат да продолжат да живеат во својот дом, но на некои луѓе тоа може да им биде тешко ако немаат помош. Има поголем број услуги со кои им се помага на постарите луѓе да продолжат да живеат во својот дом. Овој вид на нега е познат како „Нега во заедницата“ (Community Care) и нуди четири различни можности, во зависност од вашите потреби:

## Home and Community Care (HACC)

Home and Community Care provides basic support services for frail aged people who are experiencing difficulties managing daily tasks but who wish to continue living independently at home.

Services may include: nursing and allied health services, personal care (assistance with bathing, dressing and eating), Meals on Wheels and other food services, home help (assistance with housework, laundry and shopping), home modification and maintenance, transport, counselling and social support. Home and Community Care services are usually provided by local councils, community health centres and community organisations.

## Нега во домот и во заедницата (Home and Community Care - HACC)

Негата во домот и заедницата обезбедува основни услуги за поддршка за изнемоштените постари луѓе на кои им е тешко да ги совладаат секојдневните задачи но кои сакаат да продолжат самостојно да живеат во својот дом.

Услугите може да вклучуваат: нега од медицинска сестра и од здруженото здравство, лична нега (помош при капење, облекување и јадење), испорачување готови оброци дома (Meals on Wheels) и други услуги за исхрана, помош во домот (помош околу домашните обврски, перењето и пазарувањето), приспособување и одржување на домот, превоз, советување и социјална поддршка. Услугите за нега во домот и заедницата обично ги пружаат локалните општини, здравствените центри за заедницата и организациите во заедницата.

## Community Aged Care Packages (CACP)

Community Aged Care Packages provide services to frail aged people with more complex care needs, or who require a greater range of services to help them continue living at home.

The packages of services are flexible and designed to suit individual needs, and may include: personal care (assistance with bathing, dressing and eating), meal preparation, home help (assistance with housework, laundry and shopping), gardening, transport and social support. These services are planned and coordinated by an approved aged care service provider. Eligibility for Community Aged Care Packages is determined by an *Aged Care Assessment Team* (see page 9).

## Extended Aged Care at Home Packages (EACH)

Extended Aged Care at Home Packages provide services to people who need more help than a Community Aged Care Package can provide.

The packages of services are flexible and designed to suit individual needs, and may include: nursing and allied health services, personal care (assistance with bathing, dressing and eating), home help (assistance with housework, laundry and shopping), transport and social support. These services are planned and coordinated by an approved aged care service provider. Eligibility for Extended Aged Care at Home Packages is determined by an *Aged Care Assessment Team* (see page 9).

## Пакети за нега на постари лица во заедницата (Community Aged Care Packages - CACP)

Пакетите за нега на постари лица во заедницата им пружаат услуги на изнемоштените постари лица што имаат пословени потреби од нега, или на кои им се потребни поразновидни услуги за да им се помогне да продолжат да живеат во својот дом.

Пакетите услуги се приспособливи и наменети да им одговараат на потребите на поединците, а може да вклучуваат: лична нега (помош при капење, облекување и јадење), подготовка на оброци, помош во домот (помош околу домашните обврски, перењето и пазарувањето), градинарски работи, превоз и социјална поддршка. Овие услуги ги планира и координира одобрен давател на услуги за нега на постари лица. Треба да се исполнуваат услови за да се добие Пакет за нега на постари лица во заедницата, а тоа го оценува *Тим за оценување на потребите од нега за постари лица* (Aged Care Assessment Team) (погледнете на страница 9).

## Пакети за проширена нега на постари лица во домот (Extended Aged Care at Home Packages - EACH)

Пакетите за проширена нега на постари лица во домот им пружа услуги на луѓето на кои им е потребна поголема помош од онаа што може да ја пружат Пакетите за нега на постари лица во заедницата.

Пакетите услуги се приспособливи и наменети да им одговараат на потребите на поединците, а може да вклучуваат: нега од медицинска сестра и од здруженото здравство, лична нега (помош при капење, облекување и јадење), помош во домот (помош околу домашните обврски, перењето и пазарувањето), превоз и социјална поддршка. Овие услуги ги планира и координира одобрен давател на услуги за нега на постари лица. Треба да се исполнуваат услови

за да се добие Пакет за проширена нега на постари лица во домот, а тоа го оценува *Тим за оценување на потребите од нега за постари лица* (Aged Care Assessment Team). (Погледнете на страница 9).

## Extended Aged Care at Home Packages Dementia (EACH D)

Extended Aged Care at Home Packages Dementia provide services to people living with dementia. The packages of services are flexible and designed to suit individual needs, and may include: nursing and allied health services, personal care (assistance with bathing, dressing and eating), home help (assistance with housework, laundry and shopping), transport and social support.

These Services are planned and coordinated by an approved aged care service provider. Eligibility for Extended Aged Care at Home Packages Dementia is determined by an *Aged Care Assessment Team* (see page 9).

For more information about Community Care and how to find a service that meets your needs, call the **Commonwealth Carelink Centre** on **1800 052 222**.

## Пакети за проширена нега во домот за постари лица со деменција (Extended Aged Care at Home Packages Dementia - EACH D)

Пакетите за проширена нега во домот за постари лица со деменција им пружаат услуги на луѓето што страдаат од деменција. Пакетите услуги се приспособливи и наменети да им одговараат на потребите на поединците, а може да вклучуваат: нега од медицинска сестра и од здруженото здравство, лична нега (помош при капење, облекување и јадење), помош во домот (помош околу домашните обврски, перењето и пазарувањето), превоз и социјална поддршка.

Овие услуги ги планира и координира одобрен давател на услуги за нега на постари лица. Треба да се исполнуваат услови за да се добие Пакет за проширена нега во домот за постари лица со деменција, а тоа го оценува *Тим за оценување на потребите од нега за постари лица* (Aged Care Assessment Team). (Погледнете на страница 9).

За повеќе информации за Негата во заедницата (Community Care) и како да најдете услуги што ги задоволува вашите птореби, јавете се во **Сојузниот центар за поврзување во негата (Commonwealth Carelink Centre)** на **1800 052 222**.

# Respite Care

Respite Care is short-term care, which enables the older person and their carer to have a break from their normal routine. Many older people are cared for by family members at home. It is important that carers are supported in this valuable role, especially as many carers are themselves elderly. Respite Care supports the carer to have a break from their caring responsibilities, while also helping the older person to continue living at home.

Respite Care provides care services to the older person on a temporary basis, which enables the carer to rest, attend to other responsibilities (eg shopping), or to have a holiday. It is usually planned in advance, but may be arranged in an emergency (eg if the carer is unwell).

Respite care may also be accessed by older people who live on their own and feel unable to look after themselves and need a break. It can be provided in the older person's home, in day-care centres or in Residential Care. Respite Care is provided through Home and Community Care, the National Respite for Carers Program and Residential Care. Access to Respite Care is based on eligibility, priority and need.

For more information about Respite Care and other support services for carers, call the **Commonwealth Carers' Respite Centre** on **1800 059 059.**

# Одмена од негата (Respite Care)

Одмената од негата е краткорочна нега што им овозможува на постарото лица и на неговиот негувател да здивнат од вообичаените навики. За многумина постари луѓе се грижи нивното семејство во својот дом. Важно е негувателите да добијат поддршка во својата вредна улога, особено затоа што многумина од негувателите и самите се постари. Одмената од негата му дава поддршка на негувателот да здивне од своите обврски на негувател, а истовремено му помага на постарото лице да продолжи да живее дома.

Одмената од негата му пружа услуги за нега на постарото лице на привремена основа, со што му се овозможува на негувателот да се одмори, да заврши други обврски (на пример, пазарување), или да замине на одмор. Таа обично се планира однапред, но може да биде организирана и во итен случај (на пример, ако негувателот не се чувствува добро).

Одмена од негата исто така може да добијат и постарите луѓе што живеат сами и се чувствуваат неспособни да се грижат самите за себе и потребен им е одмор. Таа може да се пружи во домот на постарото лице, во дневен центар за нега или во старечки дом. Одмената од негата се пружа преку Програмата за нега во домот и заедницата, преку Националната програма за одмена на негувателите (National Respite for Carers Program) и преку Програмата за нега во старечки дом. Дали ќе добиете одмена од негата зависи од исполнувањето на условите, првенството и потребата.

За повеќе информации за одмената од негата и за други услуги за поддршка на негувателите, јавете се во **Сојузниот центар за одмена на негувателите од негата (Commonwealth Carers' Respite Centre)** на **1800 059 059**.

# Residential Care

As an older person's level of frailty increases, it may no longer be an option for them to continue living in their own home and an aged care home may need to be considered. Aged care homes are also known as 'Residential Care'.

There are two types of Residential Care: low-level care and high-level care. Both levels of care provide a range of specified services, including: accommodation, basic furnishings, laundry, cleaning, meals and refreshments, staff to help at all times, personal care (assistance with bathing, dressing and eating), occasional nursing care and social activities.

High-level care is designed for people who are very frail, require 24-hour assistance and on-going nursing care. Some aged care homes provide low-level care and high-level care, enabling people to stay in the same home even if their care needs change. This is known as 'ageing in place'. Aged care homes are run by approved aged care service providers. Eligibility for Residential Care is determined by an *Aged Care Assessment Team* (see page 9).

For more information about Residential Care and how to find a home that meets your needs, call the **Commonwealth Carelink Centre** on **1800 052 222** or the **Aged Care Information Line** on **1800 500 853**.

# Нега во старечки дом (Residential Care)

Како што се зголемува степенот на изнемоштенот на постарите лица, тие можеби веќе ќе немаат можност да продолжат да живеат во својот дом, и можеби ќе треба да се размисли за старечки дом. Старечките домови се познати уште и како „Нега во старечки дом“ (Residential Care).

Има два вида на старечки домови: со висок степен на нега, и со низок степен на нега. И двата степени на нега пружаат низа разновидни специфични услуги, вклучувајќи: сместување, основен мебел, перење, чистење, оброци и ужинки, постојана помош од персонал, лична нега (помош при капење, облекување и јадење), повремена нега од медицинска сестра, и друштвени активности.

Високиот степен на нега е наменет за луѓе што се многу изнемоштени и на кои им е потребна 24-часовна помош и постојана нега од медицинска сестра. Некои старечки домови нудат и низок и висок степен на нега, овозможувајќи им на луѓето да останат во истиот дом дури и ако се изменат нивните потреби од нега. Тоа се нарекува „стареење на едно место“. Со старечките домови управуваат одобрени даватели на услуги за нега на постари лица. Треба да се исполнуваат услови за да се добие нега во старечки дом, а тоа го оценува *Тим за оценување на потребите од нега за постари лица* (*Aged Care Assessment Team).* (Погледнете на страница 9).

За повеќе информации за негата во старечки дом и за тоа како да најдете старечки дом што ги задоволува вашите потреби, јавете се во **Сојузниот центар за поврзување во негата (Commonwealth Carelink Centre)** на **1800 052 222** или на **Информативната линија за нега на постари лица (Aged Care Information Line)** на **1800 500 853**.

# Additional Information

## Aged Care Assessment Team (ACAT)

The first step in accessing most government-subsidised aged care services is to receive an assessment by the Aged Care Assessment Team (ACAT). Eligibility for Community Aged Care Packages, Extended Aged Care at Home Packages and Residential Care is determined by an ACAT assessment, which determines eligibility by assessing a person's needs.

This is a free and confidential service, and the process is not as daunting as it may sound. An ACAT representative (usually a doctor, nurse, social worker or other health care professional) will assess your situation and specific care needs.

You will be informed about the services you are eligible to receive and how to find a service that meets your needs. You may choose to have a relative or friend with you during the assessment. You also have the right to ask ACAT to provide an interpreter. If you are not satisfied with the outcome of the assessment, you have the right to appeal the decision.

To arrange an ACAT assessment, you can ask your doctor for a referral or call the Commonwealth Carelink Centre on 1800 052 222.

# Дополнителни информации

## Тим за оценување на потребите од нега за постари лица (Aged Care Assessment Team - ACAT)

Првиот чекор до добивањето на повеќето услуги за нега на постари лица што делумно ги финансира државата е да се изврши оценување од страна на Тимот за оценување на потребите од нега за постари лица. Преку оценување од страна на овој Тим се утврдува дали се исполнуваат условите за добивање Пакети за нега на постари лица во заедницата, Пакети за проширена нега за постари лица во домот, и нега во старечки дом.

Тимот утврдува дали се исполнуваат условите преку оценување на потребите на лицето. Оваа услуга е бесплатна и доверлива, а постапката не е непријатна како што можеби звучи. Претставник на Тимот за оценување (обично лекар, медицинска сестра, социјален работник или друг здравствен работник) ќе ја оцени вашата ситуација и специфичните потреби од нега.

Ќе бидете известени за услугите што имате право да ги добивате и како да најдете услуга што ги задоволува вашите потреби. Може да одберете покрај себе да имате роднина или пријател во текот на оценувањето. Исто така имате право да побарате од Тимот за оценување да обезбеди преведувач. Ако не сте задоволни со резултатот од оценувањето,  имате право да ја обжалите одлуката.

За да договорите оценување од страна на Тимот за оценување, може да побарате упат од вашиот лекар или да се јавите во Сојузниот центар за поврзување во негата (Commonwealth Carelink Centre) на 1800 052 222.

## Fees & Charges

The cost of receiving aged care services is based on a person's assessed care needs and their ability to pay. Special consideration is given to people who are financially disadvantaged. It is important to know that you will not be denied access to a service if you are unable to pay. All people receive the same quality of care regardless of the level of fees paid. To find out more about fees and charges, contact the Aged and Community Care Information Line on 1800 500 853.

## Цени и надоместоци

Цената за добивање на услуги за нега на постари лица е заснована на оценетите потреби од нега на лицето и на неговите можности за плаќање. Специјални обсири се применуваат за луѓе што се во лоша финансиска ситуација. Важно е да знаете дека нема да ви биде одбиен пристапот до услугата ако не сте во состојба да платите. Сите луѓе добиваат нега со ист квалитет без оглед на тоа колкава цена плаќаат. За да дознаете повеќе за цените и надоместоците, јавете се на Информативната линија за нега на постари лица и за нега во заедницата (Aged and Community Care Information Line) на 1800 500 853.

## Your Rights & Responsibilities

Aged care service providers are obliged to inform you of your rights and responsibilities regarding the services you are receiving. Whether you are receiving Residential Care or Community Care, it is important to be aware of your rights, which include the right to:

- Be informed about your rights;
- Be involved and informed about all decisions related to your care;
- Be in charge of your life, your money and your possessions;
- Be treated with dignity and respect;
- Continue your cultural or religious practices and retain the language of your choice without discrimination;
- Good quality care that meets your needs;
- Complain and take steps to sort out any problems;
- Privacy.

## Вашите права и обврски

Давателите на услуги за нега на постари лица се должни да ве известат за вашите права и обврски во однос на услугите што ги добивате. Без оглед на тоа дали добивате нега во старечки дом или нега во заедницата, важно е да ги знаете вашите права, што вклучуваат право:

- да бидете известени за вашите права;
- да бидете вклучени во донесувањето на сите одлуки поврзани со вашата нега и да бидете известени за нив;
- сами да управувате со вашиот живот, пари и имот;
- кон вас да се однесуваат со достоинство и почит;
- да продолжите со своите културни или верски навики и да го задржите јазикот што го сакате без да бидете дискриминирани поради тоа;
- да добивате нега со добар квалитет што ги задоволува

For more information about your rights and responsibilities regarding aged care services, contact the National Aged Care Advocacy Line on 1800 700 600.

вашите потреби;

- да се пожалите и да преземете чекори за да решите било каков проблем;
- на приватност.

За повеќе информации за вашите права и обврски во однос на услугите за нега на постари лица, јавете се на Националната линија за застапување во врска со негата за постари лица (National Aged Care Advocacy Line) на 1800 700 600.

## Concerns and Complaints

If you have a concern or complaint about the quality of care or services you are receiving, you may like to discuss this with the Manager of the aged care service. If you are uncomfortable doing this, or you do not like how your complaint has been handled, you can contact the Aged Care Complaints Investigation Scheme on 1800 550 552. This is a free and confidential service.

## Загрижености и поплаки

Ако нешто ве загрижува, или ако имате поплака во врска со квалитетот на негата или на услугите што ги примате, можеби ќе сакате за тоа да поразговарате со менаџерот на службата за нега на постари лица. Ако не ви е пријатно да го сторите тоа, или ако не ви се допаѓа како било постапено во однос на вашата поплака, може да се јавите во Шемата за истражување на поплаки во врска со негата за постари лица (Aged Care Complaints Investigation Scheme) на 1800 550 552. Оваа услуга е бесплатна и доверлива.

## Useful Contact Numbers

If you need an interpreter to help you to communicate over the phone, call the **Translating and Interpreting Service** on **13 14 50**. This is a free service.

Note that calls to numbers beginning with '1800' are free, except when made from mobile phones.

### Aged Care Complaints Investigation Scheme: 1800 550 552

The Aged Care Complaints Investigation Scheme investigates complaints and concerns about government-subsidised aged care services, including community care, respite care and residential care. Contact the Aged Care Complaints Investigation Scheme if you have a concern or complaint about the services you are receiving. Complaints can be made anonymously. This is a free service.

### Aged Care Information Line: 1800 500 853

The Aged Care Information Line provides information about aged care services, including information on fees and charges, incoming testing and financial assistance.

## Корисни телефонски броеви за контакт

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да комуницирате преку телефон, јавете се во **Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service)** на **13 14 50**. Оваа услуга е бесплатна.

Запомнете дека јавувањето на броевите што почнуваат со 1800 е бесплатно, освен кога се јавувате од мобилен телефон.

### Шема за истражување на поплаки во врска со негата за постари лица (Aged Care Complaints Investigation Scheme): 1800 550 552

Шемата за истражување на поплаки во врска со негата за постари лица ги истражува поплаките и загриженостите околу услугите за нега на постари лица во чие финансирање учествува државата, вклучувајќи ја негата во заедницата, одмената од негата и негата во старечки домови. Јавете се во Шемата за истражување на поплаки во врска со негата за постари лица ако сте загрижени или ако имате поплака во врска со услугите што ги добивате. Кога ќе поднесете поплака, не мора да го кажете вашето име. Оваа услуга е бесплатна.

### Информативна линија за нега на постари лица (Aged Care Information Line): 1800 500 853

Информативната линија за нега на постари лица дава информации за услугите за нега на постари лица, вклучувајќи информации за цените и надоместоците, проверките на приходот и финансиската помош.

## Centrelink - Disability, Sickness and Carers: 13 27 17

Call this number for disability, sickness and carer enquiries, including Disability Support Pension, Mobility Allowance, Carer Payment, Carer Allowance and Sickness Allowance.

## Centrelink - Онеспособеност, болест и негуватели: 13 27 17

Јавете се на овој број за информации во врска со онеспособеноста, болеста и негувателите, вклучувајќи Пензија за поддршка на онеспособени лица (Disability Support Pension), Додаток за подвижност (Mobility Allowance), Исплата за негувател (Carer Payment), Додаток за негувател (Carer Allowance) и Додаток за болест (Sickness Allowance).

## Centrelink - Multilingual Call: 13 12 02

Call this number to speak to Centrelink employees in your preferred language.

## Centrelink - Повеќејазичен повик: 13 12 02

Јавете се на овој број за да зборувате со вработените во Centrelink на јазикот што го претпочитате.

## Centrelink - Retirement Services: 13 23 00

Call this number for retirement enquiries, including Age Pension, Pensioner Concession Cards, Commonwealth Seniors Health Card, and for enquiries regarding income assessment for residential care fees. You can also call this number to access Centrelink’s Financial Information Service, which is a free and independent service available to everyone in the community (even if you are not receiving a pension or benefit).

## Centrelink - Услуги за пензионери: 13 23 00

Јавете се на овој број за информации за пензионерите, вклучувајќи старосна пензија (Age Pension), пензионерски картички за попусти (Pensioner Concession Cards), сојузна здравствена картичка за постари граѓани (Commonwealth Seniors Health Card), и за информации во врска со оценувањето на приходите заради утврдување на цената на сместувањето во старечки дом. На овој број може да се јавите и за да се поврзете со Службата за финансиски информации (Financial Information Service) на Centrelink, што е бесплатна и независна служба што може да ја користи секој член на заедницата (дури и ако не примате пензија или додаток).

## Commonwealth Carelink Centre: 1800 052 222

The Commonwealth Carelink Centre provides a single point of contact for information about aged care services. Contact the Commonwealth Carelink Centre to find out what aged care services are available in your area or anywhere in Australia, as well as information on costs, assessment procedures and eligibility criteria. This is a free and confidential service.

## Сојузен центар за поврзување во негата: 1800 052 222

Сојузниот центар за поврзување во негата претставува единствено место каде што може да се јавите за информации во врска со услугите за нега на постари лица. Јавете се во Сојузниот центар за поврзување во негата за да дознаете кои услуги за нега на постари лица може да се добијат во вашето подрачје или било каде во Австралија, како и за информации за цените, за постапките за оценување и за условите што треба да се исполнуваат за да се добие нега. Оваа услуга е бесплатна и доверлива.

## Commonwealth Carers' Respite Centre: 1800 059 059

The Commonwealth Carer Respite Centre coordinates access to respite services in your local area, provides information and advice about respite options, help with organising emergency or planned respite, and financial assistance for short-term or emergency respite. This is a 24-hour service.

## Сојузен центар за одмена на негувателите од негата: 1800 059 059

Сојузниот центар за одмена на негувателите од негата го усогласува пристапот до услуги за одмена од негата во вашето локално подрачје, дава информации и совети за можностите за одмена од негата, помага при организирањето одмена од негата во итен случај или планирано, и дава финансиска помош за краткорочна одмена од негата или одмена од негата во итен случај. Оваа служба работи 24 часа.

## National Aged Care Advocacy Line: 1800 700 600

Contact the National Aged Care Advocacy Line to find your local advocacy service. Advocacy services help to promote your rights in relation to aged care services and can increase your involvement in decision-making processes. These services may play an important role in supporting you through a complaint process and advising you of your 5 rights in negotiations with aged care service

## Национална линија за застапување во врска со негата за постари лица: 1800 700 600

Јавете се на Националната линија за застапување во врска со негата за постари лица за да дознете која е вашата локална служба за застапување. Службите за застапување помагаат да се унапредат вашите права во однос на услугите за нега на постари лица и може да ја зголемат вашата вклученост во постапките на одлучување. Овие служби може да играат важна улога со тоа што ќе

providers. This is a free and confidential service.

ве поддржуваат низ постапките за поднесување поплака и ќе ве советуваат во врска со вашите права при преговорите со давателите на услуги за нега на постари лица. Оваа услуга е бесплатна и доверлива.

## National Dementia Helpline: 1800 100 500

The National Dementia Helpline is a 24-hour national telephone and support service run by Alzheimer's Australia. It provides support, practical information and advice, as well as information on the full range of services provided by Alzheimer's Australia. This is a free and confidential service.

## Национална линија за помош при деменција (National Dementia Helpline): 1800 100 500

Националната линија за помош при деменција е 24-часовна национална телефонска служба и служба за поддршка со која раководи Здружението Alzheimer's Australia. Таа пружа поддршка, практични информации и совети, како и информации за сите услуги што ги пружа Здружението Alzheimer's Australia. Услугите се бесплатни и доверливи